**Друштво на физичарите на Република Македонија (ДФРМ)**

**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ)**

**Македонско биолошко друштво (МБД)**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**За 17. Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки (IJSO 2021) што ќе се одржи во Абу Даби, Обединети Арапски емирати од 12 до 21 декември 2021 година**

Селекционите натпревари за IJSO 2021, односно четвртата македонска олимпијада по природни науки ќе се одржи во два термини (јули и август/септември).

Сите потенцијални учесници на олимпијадата треба да се родени на или после 1 јануари 2006 година, односно до крајот на календарската 2021 година да не се постари од 15 години.

http://www.ijsoweb.org/about-ijso

Сите ученици кои планираат да учествуваат на првиот селекционен натпревар своето учество задолжително треба да го потврдат со испраќање на електронска пошта на fizikanatprevari@gmail.com, најдоцна до 01.07.2021 година (23.59).

**Прв селекционен натпревар, понеделник 5 јули 2021 (почеток во 10.00 часот), ПМФ – Скопје (Горна зграда)**

**Натпреварот ќе трае 180 минути**

На натпреварот се поканети:

- најдобрите ученици од државните натпревари за осмо и деветто одделение (физика, хемија, биологија) согласно списокот подолу кој е составен дел на ова известување.

Без разлика на возраста (одделението), учениците ќе се натпреваруваат на ист тест кој содржи теоретски проблеми и нумерички задачи од содржините предвидени за државните натпревари по физика, хемија и биологија за осмо и деветто одделение (содржините може да се најдат на интернет страниците на секое од друштвата).

На тестот, во секоја од областите може да бидат дадени задачи, односно проблеми за кои се потребни математички предзнаења, како: степени, функции (линеарна, квадратна, експоненцијална, логаритамска), вектори, квадратна равенка, тригонометриски функции, а за хемија треба да се совладаат и основните стехиометриски пресметки (Тема I од програмата за хемија за I год, гимназија).

Рангирањето на учениците ќе се врши според вкупниот број поени на тестот, водејќи сметка за рамномерна распределба на поените по трите области (Учениците мора да имаат најмалку 20% поени од секоја поодделна дисциплина за да бидат рангирани). Комисијата ќе одлучи колку ученици ќе го поминат првиот тест и ќе можат да се натпреваруваат на вториот селекционен натпревар во август/септември 2021 година.

| **Втор селекционен натпревар, август/септември 2021 (почеток во 10.00 часот), ПМФ – Скопје (Горна зграда)**<br><br>**Натпреварот ќе трае 180 минути** |
|---|
| На натпреварот ќе бидат поканети најдобрите ученици од првиот селекционен натпревар. Одлуката ја носи комисијата составена од членови од трите здруженија.<br><br>Учениците ќе се натпреваруваат на тест кој содржи теоретски проблеми и нумерички задачи од областите физика, хемија и биологија според содржините објавени во програмата за олимпијадата која е достапна на:<br><br>http://www.ijsoweb.org/ijso-syllabus<br><br>Шест натпреварувачи кои постигнале најдобри резултати на овој натпревар (водејќи сметка за рамномерна распределба на поените по трите области - Учениците мора да имаат најмалку 20% поени од секоја поодделна дисциплина за да бидат рангирани), ќе го претставуваат тимот од Македонија кој ќе учествува на 17 Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки. Од останатите неколку ученици ќе се формира резервен тим кој исто така ќе има можност да учествува на подготовките. |

Од септември до крајот на ноември 2021 година на Институтите за физика, хемија и биологија при ПМФ во Скопје, за време на викендите или петок-сабота ќе се спроведат подготовки на Македонскиот тим. Подготовките се задолжителни за учениците од тимот кој ќе ја претставува Македонија на IJSO 2021.

Скопје, 17.06.2021

**Друштво на физичарите на Република Македонија**
**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
**Македонско биолошко друштво**

# Список на поканети ученици за првиот селекционен натпревар

| Бр. | Име и презиме | Одд | Училиште | Општина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Александра Чолева | 8 | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | Кочани |
| 2 | Амелија Дуганова | 8 | ООУ „Петар Поп Арсов“ | Карпош |
| 3 | Ана Алексовска | 8 | ООУ „Гоце Делчев“ | Св. Николе |
| 4 | Даниел Христов | 8 | ООУ „Димитар Влахов“ | Штип |
| 5 | Даријан Атанасовски | 8 | ООУ„Лазо Ангеловски“ | Аеродром |
| 6 | Елена Петреска | 8 | ООУ Ѓорѓија Пулевски | Аеродром |
| 7 | Елена Трифуноска | 8 | ООУ Братство - Миѓени | Тетово |
| 8 | Елена Џајковска | 8 | ООУ „Гоце Делчев“ | Прилеп |
| 9 | Ива Глобочки | 8 | ООУ „Кочо Рацин“ | Центар |
| 10 | Ива Додевска | 8 | ООУ „Христијан Карпош“ | Куманово |
| 11 | Иван Буриќ | 8 | ООУ „Григор Прличев“ | Охрид |
| 12 | Јана Патче | 8 | ООУ „Јохан Хајнрих-Песталоци“ | Центар |
| 13 | Јована Димитрова | 8 | ООУ Љубен Лапе | Аеродром |
| 14 | Кристијан Јаковчевски | 8 | ООУ „Владо Тасевски“ | Карпош |
| 15 | Леонид Тодороски | 8 | ООУ „Григор Прличев“ | Охрид |
| 16 | Леонид Цуклев | 8 | ООУ Климент Охридски Миравци | Гевгелија |
| 17 | Магдалена Атанасовска | 8 | ООУ „Димитар Миладинов“ | Центар |
| 18 | Максим Кујунџиќ | 8 | ООУ Владо Тасевски | Карпош |
| 19 | Марија Салтировска | 8 | ООУ „Св. Климент Охридски“ | Делчево |
| 20 | Марко Пејов | 8 | ООУ „Димитар Миладинов“ | Центар |
| 21 | Марко Серафимовски | 8 | ООУ „Владо Тасевски“ | Карпош |
| 22 | Мартина Трендафилова | 8 | ООУ Тошо Велков - Пепето | Кавадарци |
| 23 | Митко Ефтимов | 8 | ООУ „Сандо Масев“ | Струмица |
| 24 | Михаил Шапчески | 8 | ООУ „КочоРацин“ - Прилеп | Прилеп |
| 25 | Ристо Златев | 8 | ООУ„Браќа Миладиновци" | Аеродром |
| 26 | Сара Апостолова | 8 | ООУ „Браќа Миладиновци“ | Пробиштип |
| 27 | Тамара Татабитовска | 8 | ООУ „Димитар Миладинов“ | Центар |
| 28 | Тамара Ташковска | 8 | Димитар Миладинов | Центар |
| 29 | Теона Ана Георгиевска | 8 | ООУ „Љубен Лапе“ | Аеродром |
| 30 | Филип Николов | 8 | ООУ Ѓорѓија Пулевски | Аеродром |
| 31 | Цветанка Коруноска | 8 | ООУ „Невена Георгиева Дуња“ | Кисела Вода |
| 32 | Алексиј Тасиќ | 9 | ООУ Ѓорѓија Пулевски | Аеродром |
| 33 | Андон Мишев | 9 | ООУ „Димитар Миладинов“ | Центар |
| 34 | Андреј Стојановски | 9 | ООУ 11 Октомври | Центар |
| 35 | Ања Спасевска | 9 | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | Македонска Каменица |
| 36 | Дамјан Стојанов | 9 | Јахја Кемал -Џуниор | Скопје |
| 37 | Добрилка Ѓоргиева | 9 | ООУ „Крсте Петков Мисирков“ | Радовиш |
| 38 | Ива Јефремова | 9 | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | Македонска Каменица |
| 39 | Иван Костевски | 9 | ООУ „Димитар Влахов“ | Штип |
| 40 | Иван Кузманоски | 9 | ООУ „Гоце Делчев“ | Прилеп |
| 41 | Ивана Мојсоска | 9 | ООУ „Св. Климент Охридски“ | Прилеп |
| 42 | Искра Дамјаноска | 9 | ООУ „Димитар Миладинов“ | Центар |
| 43 | Јана Арсова | 9 | ООУ „Димитар Миладинов“ | Центар |
| 44 | Јана Давидовска | 9 | ООУ Мирче Ацев | Ѓорче Петров |
| 45 | Јована Јовевска | 9 | ООУ „Стив Наумов“ | Гази Баба |
| 46 | Јована Симоновска | 9 | ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ | К. Вода |
| 47 | Леа Караева | 9 | ООУ „Јохан Хајнрих-Песталоци“ | Центар |
| 48 | Марио Ванчоски | 9 | ООУ „Димитар Влахов“ | Штип |
| 49 | Мартин Ристовски | 9 | О.У. "Коле Канински" | Битола |
| 50 | Матеа Митревска | 9 | ООУ „Мирче Ацев“ | Ѓ.Петров |
| 51 | Матеј Николов | 9 | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ | Центар |
| 52 | Митко Савев | 9 | ООУ „Григор Прличев“ | Охрид |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 53 | Михаил Мирчески | 9 | ООУ „Кочо Рацин“ - Прилеп | Прилеп |
| 54 | Натали Кировска | 9 | ООУ „Крсте Мисирков“ | Куманово |
| 55 | Николај Георгиев | 9 | ООУ „Д-р Трифун Пановски“ | Битола |
| 56 | Петар Мирчевски | 9 | ООУ „Рампо Левката“ | Прилеп |
| 57 | Стефан Галиќ | 9 | ООУ „Јохан Хајнрих-Песталоци“ | Центар |
| 58 | Теодора Трајческа | 9 | ООУ Григор Прличев | Охрид |
| 59 | Тина Алкова | 9 | ООУ „Блаже Конески“ | Аеродром |
| 60 | Филип Темелкоски | 9 | ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ | Прилеп |